**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-306/19***
***Скопје,27.04.2006 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Средства за исплата на обврски по обврзници за 2004 година, а кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Министерство за финансии – Средства за исплата на обврски по обврзници за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски, Министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 03/02/2005 до 07/02/2005 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - › Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - › Абдула Адеми - Самостоен ревизор
   - › Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор
   - › Бранка Ажиевска - Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Министерството за финансии – Средства за исплата на обврски по обврзници под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

**Скопје, 26/04/2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА ОБВРСКИ ПО ОБВРЗНИЦИ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 250,431 | 1,492,486 |
| Трансфери и донации | 1,492,486 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1,742,917** | **1,492,486** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1,742,917** | **1,492,486** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,742,917** | **1,492,486** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 1,742,917 | 1,492,486 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **1,742,917** | **1,492,486** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ- СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА ОБВРСКИ ПО ОБВРЗНИЦИ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,742,917 | 1,492,485 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,742,917** | **1,492,485** |
| **Вкупна актива** | **1,742,917** | **1,492,485** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,742,917 | 1,492,485 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,742,917** | **1,492,485** |
| **Вкупна пасива** | **1,742,917** | **1,492,485** |